**И З Д В О Е Н О   М И С Л Е Њ Е**
**ВО ВРСКА СО РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛИКОВНА/ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2402-50/5 од 11.5.2026 година, донесена на 128. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија, одржана на 6.5.2026 година, определена сум за претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област ликовна/визуелна уметност на Ликовна академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија е во состав:

- м-р Јана Јакимовска, редовен професор од областа ликовна/визуелна уметност – 6.04.00.01, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- м-р Слободанка Стевчевска, редовен професор од областите ликовна/визуелна уметност (6.04.00.01) и друго (6.04.00.08), Факултет за ликовни уметности, УКИМ – член;
- М-р Антони Мазневски, редовен професор на група предмети од областа цртање и сликање, Факултет за ликовни уметности, УКИМ – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. М-р Верица Наумова;
2. М-р Јована Трајанова.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, како претседател на Рецензентската комисија, во соработка со останатите членови го напишав наведениот Реферат, кон кој го приложувам ова Издвоено мислење.

Како претседател на Рецензентската комисија и автор на поднесениот Реферат за предметниот Конкурс, во целост стојам зад изготвениот текст во однос на биографските податоци, аналитичкиот преглед на трудовите/активностите и пресметаните бодови во збирните табели за двете кандидатки. Фактичката состојба и утврдените соодветни поени се плод на детална и објективна анализа на целокупната доставена документација.

Сепак, во однос на конечниот заклучок и препораката за избор, го издвојувам моето мислење од останатите членови на Комисијата од следниве причини:

Разликата во вкупниот број поени меѓу двете кандидатки е минимална. Вреди да се истакне дека кандидатката м-р Јована Трајанова покажа исклучителна динамика и интензитет во уметничката дејност, со посебен акцент на богатата и версатилна продукција постигната во последниот период. Дополнително, би сакала да потенцирам дека оваа мала бодовна разлика е добро да се разгледа во контекст на кусиот период во кој кандидатката е творечки активна, што говори за нејзиниот уметнички потенцијал, кој според мене е од исклучителна важност за овој избор.

Врз основа на континуитетот, разновидноста на нејзиниот авторски израз и досегашната напредна траекторија – во која како нејзина професорка и некогашна менторка имав и непосреден увид во нејзиниот професионален развој – сметам дека оваа кандидатка поседува извонреден капацитет за понатамошен академски и професионален раст кој ќе донесе долгорочна вредност за студиската програма и Академијата.

Сакам да потенцирам дека со ова не се оспоруваат квалитетите и постигнувањата на кандидатката м-р Верица Наумова. Нејзиниот досегашен ангажман и нејзиниот придонес како стручњак од пракса се од неспорно значење за наставниот процес и сметам дека нејзиното учество во наставата е драгоцено и треба да продолжи.

Сепак, земајќи ги предвид минималната бодовна разлика, динамиката на продукцијата и развојниот потенцијал, со ова издвоено мислење го давам следниот

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, како претседател на Рецензентската комисија ја разгледав комплетната документација доставена од страна на кандидатите м-р Верица Наумова и м-р Јована Трајанова. По прегледот на приложената документација заедно со другите членови на Рецензентската комисија констатирам дека двете кандидатки во целост ги исполнуваат условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во **звање насловен доцент**.

Имајќи ја предвид исклучително малата разлика во поените, констатирам дека во изборот на еден кандидат пресудна улога играат конкретните потреби во наставата, па оттаму сметам дека ННУС на Ликовна академија има право детално да ги разгледа посебните квалификации на секоја од кандидатките при донесување на конечната одлука. Сепак, земајќи ја предвид нејзината континуирана активност во сферата на уметноста во последните години, изложбите кои ги има реализирано, како и наградите кои ги има добиено, сметам дека треба да се даде предност на кандидатката м-р Јована Трајанова.

Врз основа на наведеното, му предлагам на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката м-р Јована Трајанова да биде избрана во насловно звање доцент во наставно-научната област ликовна/визуелна уметност**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
М-р Јана Јакимовска, редовен професор, претседател, с.р.